Архивски знак 02 03
Рок на чување 1 - год.
14-04 20 21 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА
НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
Бр. 02 - 110/1
14-04 20 21 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Април, 2021 година

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 , 35/2018, 198/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.143/2019 и 14/2020) Директорот на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи, број 08-318/1 од 31.12.2015 година, измени на 01.02.2019 година со број 03-60/1.

### Член 2

Во табеларниот приказ на работни места, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА , кај работното место со реден број 1, со шифра УПР 01 01 Б04 000 и звање Раководител на одделение, во делот вид на образование зборовите Биохемија, Клиничка медицина или Јавно здравство и здравствена заштита се заменуваат со зборовите Биологија, Биохемија.

### Член 3

Во табеларниот приказ на работни места, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, кај работното место со реден број 4, со шифра УПР 01 01 Б04 000 и звање Раководител на одделение, во делот вид на образование зборовите Организациони науки и управување (менаџмент) и Политички науки се заменуваат со зборовите Стоматологија, Клиничка медицина.

### Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи како составен дел на Правилникот.

### Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Агенција за квалитет и акредитација

на здравствени установи

**Директор**

**Dr. Kaltrina Beqiri**